Законски недоследности: Медали за едни, награди за други



Веќе неколку години наши ученици постигнуваат одлични резултати и освојуваат медали на натпреварите на светско ниво - тие успеваат да си ја валоризираат својата парична награда, но не и вистинските ментори што ги подготвуваат за меѓународниот натпревар

Автор: Весна Ивановска-Илиевска

Годишно одржува околу 300 дополнителни часа бесплатно. Ентузијазмот сè уште не го напушта, иако вели дека станува уморен од нелогични ситуации, однапред изгубени борби. Д-р Миха Буклески, доцент на Институтот за хемија при Природно-математичкиот факултет во Скопје, е еден од неколкутемина вработени во високообразовни установи кои секоја година ги подготвуваат талентираните средношколци за натпревари на меѓународни олимпијади. Во неговиот случај за Меѓународната олимпијада по хемија (IChO), еден од најпрестижните светски натпревари за средношколци од областа на оваа наука.



Доц. д-р Миха Буклески на една од олимпијадите / Фото: СХТМ

Веќе неколку години по ред тој е ментор на ученици што освојуваат медали, но поради низа системски пречки, не може да ја добие наградата што му следува. Неговата судбина ја делат и ментори вработени во високообразовни институции кои ги подготвуваат учениците за некоја од 13. меѓународни натпревари (олимпијади) акредитирани од Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија (МОН). Фрустрацијата кај менторите е уште поголема зашто паричната награда ја добиваат наставници што не им се ментори на

This project is funded
by the European Union

учениците. Овие наставници, пак, сметаат дека се дел од секојдневното образование на младите надежи во науката, дополнително се вложуваат во надградбата на овие ученици и затоа им следува оваа парична награда.

ЗАКОНОТ ОВОЗМОЖУВА НАГРАДА, НО ЗА КОГО?

„Лани освоив медал на меѓународна олимпијада. Потоа конкурирав за парична награда во Министерството за образование и наука. Требаше да соберам повеќе документи и потврди, дека сум редовен ученик и слично. Конкуриравме заедно со професорката од средно“, вели нашиот соговорник (чиј идентитет ѝ е познат на редакцијата). Тој е меѓу десетината средношколци што освоија медал на една од 13. акредитирани олимпијади. Интензивните подготовки за олимпијадата се одвивале на Институтот за хемија, со доктори на науки вработени на институтот. Бидејќи освоил бронзен медал, според пропозициите дефинирани во Законот за средно образование (Член 24-б, став 3), тој 12 месеци добивал парична награда од 8.000 денари. Истата награда можат да ја добијат наставници вработени во средни училишта, но не и менторите, доктори на науки кои се вработени на факултет.

Член 24-б

(1) Министерството, за освоено прво, второ или трето место на меѓународен натпревар од областа на математиката и природните науки, на ученикот и на наставникот кој го подготвувал ученикот за натпреварот, поединечно им доделува парична награда во износ од 50% од просечната нето плата исплатена по работник во Републиката во последниот месец пред доделувањето на наградата за освоено прво место, 40% за освоено второ место и 30% за освоено трето место.

(2) Под меѓународен натпревар од ставот (1) на овој член се подразбира натпревар на кој учествуваат ученици од најмалку десет различни држави.

(3) Министерството за освоен златен, сребрен или бронзен медал на една од 13 меѓународни научни олимпијади (International Science Olympiad), на ученикот и на наставникот кој го подготвувал ученикот за олимпијадата, поединечно им доделува парична награда во износ од 12.000 денари месечно за освоен златен медал, 10.000 денари месечно за освоен сребрен медал и 8.000 денари месечно за освоен бронзен медал. Паричната награда се исплаќа за период од 12 месеци.

МОН му ги доделува акредитациите на соодветно научно здружение, кое потоа ги организира и подготвува основците или средношколците за меѓународен натпревар од областа на природните науки, математика или информатика. Најчесто тоа се доктори на науки вработени на факултетите бидејќи проблемите што се решаваат на меѓународните натпревари се на повисоко ниво од материјалот што се учи во средно.

Според член 24-б, став 3 од Законот за средно образование, МОН на ученикот и на наставникот што го подготвувал за натпреварот поединечно им доделува парична награда од 50% од просечната нето-плата за освоено прво место, 40% за второ место и 30% за освоено трето место. Односно, МОН им доделува парична награда во износ од 12.000 денари месечно за освоен златен медал, 10.000 денари за освоен сребрен медал и 8.000 денари месечно за освоен бронзен медал. Паричната награда се исплаќа за период од 12 месеци.

Врз основа на овој член МОН објавува јавен повик за да се пријават медалистите и нивните ментори за да ја добијат заслужената парична награда. Тука почнуваат проблемите на менторите. Оние вистинските, што три месеци ги подготвуваат учениците да постигнат врвни резултати, се

This project is funded
by the European Union

оневозможени да си ја подигнат наградата. Оваа предност ја користат наставниците вработени во средните училишта.

ЈАВЕН ПОВИК

за доделување на парична награда за освоен златен, сребрен или бронзен медал на една од 13 меѓународни научни олимпијади (International Science Olympiad), на ученикот и на наставникот кој го подготвувал ученикот за олимпијадата

1. Услов за учество

На Јавниот повик за доделување на парична награда за освоен златен, сребрен или бронзен медал на една од 13 меѓународни научни олимпијади (International Science Olympiad), може да се пријават:

- ученици – државјани на Република Северна Македонија, запишани во средно училиште на територијата на Република Северна Македонија,

- наставник - државјанин на Република Северна Македонија, вработен во средно училиште на територијата на Република Северна Македонија, кој го подготвувал ученикот за олимпијадата,

а кои освоиле златен, сребрен или бронзен медал на една од 13 меѓународни научни олимпијади (International Science Olympiad), во учебната 2018/2019 година.

Буклески е член на Сојузот на хемичарите и технолозите (СХТМ), здружение акредитирано од МОН да ги подготвува средношколците за IChO. СХТМ во 2015 година ја презеде организацијата за избор на средношколци што ќе ја претставуваат нашата земја на престижниот натпревар.

- Сè почна скромно, но преку искуството се подобривме и во изборот на учениците и во начинот на нивна подготовка. Сè уште разработуваме систем за поефикасни подготовки и тестирања, специјализирани и насочени за да ги оспособат учениците да бидат конкурентни на меѓународните натпревари. По шести пат го започнуваме циклусот подготовки за учество на претстојните натпревари во 2020 година – вели Буклески.

За кусо време се виделе резултатите - првиот медал бил освоен во 2017 година, само две години по преземањето на организацијата од страна на СХТМ.

- Таа година беше тешка. Едвај заминавме, еден ден подоцна од предвиденото, но инаетливо им се спротивставивме на сите неправди и успеавме да го обезбедиме првиот медал за нашата држава на IChO - најреномираниот натпревар од областа на хемијата во светски рамки и еден од вкупно 12. светски признати натпревари на знаење (не проекти!). Во наредните две години беа освоени уште 4 бронзени медали или вкупно 5 медали – објаснува Буклески.

This project is funded
by the European Union



Доц. д-р Миха Буклески (прв од лево кон десно) и проф. д-р Марина Стефова со тимот на Олимпијадата во Тбилиси, Грузија во 2016 година / Фото: СХТМ

СИТЕ ЗДРУЖЕНИЈА СО ИСТ ПРОБЛЕМ

Во 2017 година, иако освоиле медал, не знаеле дека има законска можност за менторите да добијат награда за освоен медал.

- Тоа го дознавме во 2018 година кога сфативме дека и во 2017, а потоа и во 2018 биле доделени предвидените награди за менторите. Но, тоа не бевме ние, членови на СХТМ. Во 2018 година ги исконтактиравме освојувачите на медали за можноста да конкурираме за награда, едниот од нив нè информира дека со неговата професорка од средно веќе конкурирале. Искрено, бевме изненадени и навредени од овој потег. Со другиот ученик конкуриравме заедно, но тогаш менторот беше одбиен поради неисполнување на условите од конкурсот - објаснува Буклески.

Табеларен преглед на ученици и ментори кои ги исполниле условите за добивање парични средства за доделување на парична награда за освоен златен, сребрен или бронзен медал на една од 13 меѓународни научни олимпијади (International Science Olympiad)

Р.бр	Архивски број	Корисник	ученик/ професор	Износ во денари	освоен медал	Училиште	Дата на освоено место / олимпијада
1	12-9845/1 од 20.08.2018	[redacted]	ученик	8.000	бронзен медал	Гимназија „Раде Јовчевски Корчагин" - Скопје	28-07.2018 година (50th International Chemistry Olympiad), Slovakia and the Czech Republic
2	12-9906/1 од 22.08.2018	[redacted]	ученик	8.000	бронзен медал	Гимназија „Јосип Броз Тито" - Битола	03-12 декември 2017 година (14th International Junior Science Olympiad)
3	12-10003/1 од 24.08.2018	[redacted]	ученик	8.000	бронзен медал	ПСУ „Јахја Кемал" - Струга	28.07.2018 година (50th International Chemistry Olympiad)
4	12-10072/1 од 27.08.2018	[redacted]	ученик	8.000	бронзен медал	ПСУ „Јахја Кемал" - Струга	08-17 август 2018 (12th International Earth Science Olympiad
5	12-10308/1 од 31.09.2018	[redacted]	ученик	8.000	бронзен медал	ПСУ „Јахја Кемал" - Скопје	21-29 јули, 2018 година (49th International Physics Olmpiad, Lisbon)

This project is funded
by the European Union

Табеларен преглед на ученици и ментори кои ги исполниле условите за добивање парични средства за доделување на парична награда за освоен златен, сребрен или бронзен медал на една од 13 меѓународни научни олимпијади (International Science Olympiad)

Р.бр	Архивски број	Корисник	ученик/ професор	Износ во денари	освоен медал	Училиште	Дата на освоено место / олимпијада
1	12-9845/1 од 20.08.2018	[redacted]	наставник	8.000	бронзен медал	Гимназија „Раде Јовчевски Корчагин" - Скопје	28-07.2018 година (50th International Chemistry Olympiad), Slovakia and the Czech Republic
2	12-9906/1 од 22.08.2018	[redacted]	наставник	8.000	бронзен медал	Гимназија „Јосип Броз Тито" - Битола	03-12 декември 2017 година (14th International Junior Science Ollympiad)
3	12-10072/1 од 27.08.2018	[redacted]	наставник	8.000	бронзен медал	ПСУ „Јахја Кемал" - Струга	08-17 август 2018 (12th International Earth Science Olympiad

Од МОН ја побаравме листата со наставници што конкурирале и ја добиле наградата. Според нивната евиденција, во учебните години 2016/2017 и 2017/2018 наградата ја добиле четири наставници и седум ученици.

Биљана Петреска, наставник по хемија од скопското средно училиште „Раде Јовчевски-Корчагин", е една од наставниците што двапати конкурирале и ја добиле паричната награда од МОН. Таа смета дека е заслужна за медалите што ги освоиле нејзините ученици бидејќи е дел од нивното секојдневно образование.

- Ние, наставниците, сме со учениците четири години. Ние сме основниот поттик за нивните успеси. Го ценам вложувањето и на професорите од факултетите. Тоа се подготовки на повисоко ниво кои ние немаме услови да им ги овозможиме на учениците. Но ние секојдневно работиме со овие деца, имаме дополнителна настава. МОН треба да овозможи и професорите од факултетите да ја добијат наградата. Ова е наш, заеднички успех – вели Петреска.

Менторитешто ги подготвуваат учениците за комплексните натпревари велат дека е нелогично што во Јавниот повик за доделување парична награда за освоен медал се бараат изјави од директорот на училиштето, родителите на ученикот и од самиот наставник дека тој го подготвувал ученикот за олимпијада.



50th IChO 2018
INTERNATIONAL CHEMISTRY OLYMPIAD
SLOVAKIA & CZECH REPUBLIC

50th International Chemistry Olympiad, Slovakia & Czech Republic, 19th to 29th July 2018

Miha Bukleski
Headmentor of Macedonia

Subject: Invitation to the participation in **50th International Chemistry Olympiad, Slovakia & Czech Republic**

Dear Miha Bukleski,

On behalf of the Organizing Committee of the 50th International Chemistry Olympiad (IChO), we are pleased to invite you and the registered members of the delegation to attend the **50th International Chemistry Olympiad**, which will be held from **19th to 29th July 2018** at Comenius University in Bratislava, Slovakia and University of Chemistry and Technology, Prague, Czech Republic.

This project is funded
by the European Union

- Зошто едноставно не се бара потврдата од Олимпијадата каде што се наведени имињата на вистинските ментори, туку изјави што не се вистинити? Веројатно затоа што не ја поседуваат – вели Буклески.

Драган Арсовски, директор на „Раде Јовчевски-Корчагин“, вели дека кога назначува ментори на ученици, не може да именува некој што не е од училиштето.



Скопската гимназија „Раде Јовчевски-Корчагин“ / Фото: Flickr.com

- Тие наставници се ментори и ги подготвуваат учениците за општински, регионални, државни натпревари. За мене, тој наставник е ментор. Не можам да назначам некој што не е од ова училиште. Во тој случај би требало да биде ангажиран како надворешен соработник, да биде платен за својата работа итн. Ако ученикот го претставува „Корчагин“, менторот мора да му биде од ова училиште – вели Арсовски.

МОН: МОРА ДА СЕ ЧЕКААТ ИЗМЕНИТЕ ВО НОВИОТ ЗАКОН

Слични проблеми имаат друштвата на физичарите, на биолозите, географите, математичарите на на информатичарите (ДФРМ, МБД, МГД, СММ и ЗИМ). Сите што ги подготвуваат учениците за олимпијади се најчесто вработени на високообразовните институции. Претседателите на СХТМ, ДФРМ, СММ и ЗИМ лани испратиле официјално писмо до МОН во кое бараат да се сменат условите во Јавниот повик. Одговор од МОН никогаш не добиле.

На прашањата упатени до Државниот просветен инспекторат дали гледаат спорна ситуација во начинот на објавувањето и реализацијата на Јавниот повик, тие кусо одговорија:
- Одговор, односно толкување побарајте од органот што го објавува Јавниот повик.

Од МОН објаснуваат дека Законот за средно образование ја регулира областа на средното образование и се однесува на правата, можностите и обврските на учениците и на вработените (наставници, стручни соработници, менаџмент) во средните училишта.
- На учениците во средните училишта им предаваат наставници од истите тие училишта кои секојдневно ја реализираат предвидената наставна програма по соодветниот предмет и ги подготвуваат преку стекнување соодветно знаење. Секој дополнителен ангажман на лица што не се вработени во средно училиште е индивидуална одлука и волја на ученикот и неговото семејство, но тоа не е предмет на актуелниот закон – велат од Службата за односи со јавноста при МОН.

На прашањето како менторите што ги подготвуваат учениците (доктори на науки, вработени на државни универзитети) да си ја реализираат добиената награда која им е гарантирана со Законот, од МОН објаснуваат дека проблемите ќе се надминат слично како со Законот за основно образование, каде што е ставена одредба која го регулира ова прашање.

This project is funded
by the European Union

www.sctm.mk dfrm.org РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА www.mon.gov.mk cs.org.mk

СКОПЈЕ

Примено: 14.08.2018

Орг. Един	Број	Прилог:	Вредност:

До Министерство за образование и наука
Сектор за основно и средно образование

Скопје, 13 август 2018

ПРЕДМЕТ: Барање за дополнување на Јавниот повик за доделување на парична награда за освоен златен, сребрен или бронзен медал на една од 13 меѓународни научни олимпијади, на ученикот и на наставникот кој го подготвувал ученикот за олимпијадата

Почитувани,

Сојузот на хемичарите и технолозите на Македонија (СХТМ), Друштвото на физичарите на Македонија (ДФРМ), Сојузот на математичарите на Македонија (СММ) и Здружението на информатичарите на Македонија (ЗИМ) повеќе години наназад подготвуваат екипи и успешно ја претставуваат Република Македонија на најреномираните светски олимпијади: International Chemistry Olympiad, International Physics Olympiad, International Mathematical Olympiad, International Olympiad in Informatics, а од следната година и Македонското биолошко друштво (МБД) ќе учествува на International Biology Olympiad. ДФРМ, СХТМ и МБД заеднички подготвуваат и македонски тим за учество на International Junior Science Olympiad до 16 год., а ЗИМ испраќа тим и на European Junior Olympiad in Informatics додека СММ учествува и на European Girls' Mathematical Olympiad, Asian Pacific Mathematics Olympiad, European Mathematical Cup, Mediterranean Mathematics Olympiad и други.

Овие здруженија се акредитирани од МОН за реализација на натпревари за учениците од основните и средните училишта по соодветните предмети и потоа, од најдобрите ученици на државните натпревари, членовите на овие здруженија реализираат:
– селекција на екипи за учество на овие највисоко рангирани светски натпревари за ученици
– интензивни подготовки со избраните ученици во тек на повеќе месеци
– организација и водство на македонските екипи на олимпијадите како ментори.

Имајќи ги предвид споменатите активности, сметаме дека „Јавниот повик за доделување на парична награда за освоен златен, сребрен или бронзен медал на една од 13 меѓународни научни олимпијади (International Science Olympiad), на ученикот и на наставникот кој го подготвувал ученикот за олимпијадата" **треба да биде дополнет во делот кој ги опишува барањата за наставникот** за да се овозможи тоа да може биде не само наставник од средно училиште, туку и наставник на факултет, што е најчест случај со меѓународните олимпијади не само кај нас, туку и во големиот број држави.

Според тоа, молиме да се внесат следните дополнувања дадени со затемнет текст:

Дел **1. Услов за учество**
– наставник - државјанин на Република Македонија, вработен во средно училиште **или на факултет** на територијата на Република Македонија, кој го подготвувал ученикот за олимпијадата.

Дел **2. Начин и рок на пријавување**
– Потврда за наставникот дека е вработен во средно училиште **или на факултет**;
– Изјава потпишана од директорот на училиштето, деканот на факултетот или претседателот на здружението-координатор на македонскиот тим за соодветната олимпијада, дека тоа е наставникот кој го подготвувал ученикот за меѓународна научна олимпијада;

На овој начин ќе се овозможи да бидат наградени оние кои навистина биле вклучени во подготовките на учениците за олимпијадата.

Со почит и во очекување на позитивен одговор,

Претседател на СХТМ,
Проф. д-р Зоран Здравковски

Претседател на ДФМ,
Доц. д-р Боџе Митревски

Претседател на СММ
Проф. д-р Алекса Малчески

Претседател на ЗИМ
Доц. д-р Миле Јованов

Барањето на здруженијата до МОН

This project is funded by the European Union

EU for YOU

- Им се доделува награда и на ученикот, и на наставникот, и на менторот. Очекуваме истата одредба да биде пресликана и во Законот за средно образование, кој наскоро ќе се изработува. Министерството, за освоена прва, втора или трета награда или златен, сребрен, односно бронзен медал на меѓународен натпревар од областа на математиката, информатиката и природните науки, на ученикот, на наставникот што му го предава предметот од овие области, како и на менторот што го подготвувал ученикот за натпреварот, поединечно им доделува парична награда во износ од 100% од просечната нето-плата за освоена прва награда/златен медал, 80% за освоена втора награда/сребрен медал и 60% за освоена трета награда/бронзен медал – објаснуваат од МОН.

ЗОШТО СЕ ПОТРЕБНИ КОМПЛЕКСНИ ПОДГОТОВКИ?

Во здруженијата акредитирани за подготовки на учениците на меѓународните олимпијади членуваат и различни профили и кадри. Овие здруженија најчесто се организатори на регионалните и државните натпревари по одреден предмет, а од победниците и најдобро пласираните ученици се избираат оние што понатаму се подготвуваат за олимпијада. За натпреварите на регионално и државно ниво наставниците од основните, односно средните училишта ги подготвуваат учениците. Според Законот за средно образование (член 24-а, став 12-16), за постигнување високи успеси на државни натпревари, предвидени се парични награди и за ученикот и за наставникот.



Од подготовката на учениците за олимпијада, на Институтот за хемија при ПМФ / Фото: СХТМ

На прашањето зошто за Меѓународната олимпијада по хемија учениците се подготвуваат и работат со кадар од Институтот за хемија, Буклески објаснува дека тоа се правипоради проблемите поврзани со практичните подготовки.

- Повеќето средни училишта немаат услови за реализација на експерименталните подготовки.


Во некои училишта нема хемиски лаборатории, во други нема лабораториски прибор и/или хемикалии, а во стручните училишта (хемиско, медицинско) нема специфичен прибор и хемикалии што се потребни. Се случува и на Институтот за хемија да недостигаат некои од потребните материјали, но преку соработка со индустријата успеваме да ги набавиме. Во некои ситуации и СХТМ излегува во пресрет на овие потреби. Но, постои и друг проблем. Теоретскиот материјал за подготовка опфаќа теми што се на ниво предвидено за студентите во прва и втора година на студиите по хемија. Се случува некои години да бидат задавани проблеми од специјализирани области од

This project is funded
by the European Union

хемијата и проблематики што кај нас се изучуваат во повисоките степени од студирањето. Станува збор за напредни теми, за кои дел од наставниците од средните училишта се изјасниле дека не се во можност да ги обработат со учениците. За да совладаат определени делови, на пример, потребно е знаење од виша математика, за што на Институтот за хемија организираме посебни подготовки – вели Буклески.

ПРАВНИЦИТЕ ДЕЦИДНИ: ЗАКОНОТ Е ЈАСЕН

Во консултација со стручни лица од адвокатската фела добивме толкување на Законот, Јавниот повик и барањето на научните друштва терминот „наставник“ да не се врзува исклучиво за институција од средно образование.



- Согласно Законот за средно образование (чл.24б став 3), награди добиваат наставниците и учениците. Тоа што во јавниот повик стои вработен не е никаков проблем од причина што тоа треба да се толкува дека наставникот треба да е вработен во средно училиште на територијата на РСМ – со ова се алудира дека наставници вработени надвор од државата немаат право на ваков надомест. Ако не е вработен, нема да биде ни наставник, затоа сметам дека нема простор за поинакво толкување во овој дел. Во реакцијата до Министерството од страна на професорите погрешно се толкува поимот наставник. Звањето наставник постои само во основните и во средните училишта, не постои нешто како наставник вработен во факултет. Во согласност со Законот за наставниците и стручните соработници во основните и во средните училишта, чл.6, ст.1: „Наставата во основно, односно средно училиште ја изведуваат наставници“– вели адвокатот.

This project is funded
by the European Union

Врз основа на член 24-б став 3 од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16 и 67/2017 и 64/18, постапувајќи по Барањето на ученикот [redacted] и наставникот Миха Буклески за доделување на парична награда за освоен златен, сребрен или бронзен медал на една од 13 меѓународни научни олимпијади, го донесе следното:

РЕШЕНИЕ

1. Барањето, на ученикот [redacted], со бр. 12-10003/1 од 24.08.2018 година, доставено по објавениот Јавен повик за доделување на парична награда за освоен златен, сребрен или бронзен медал на една од 13 меѓународни научни олимпијади, на ученикот и на наставникот кој го подготвувал ученикот за натпреварот од средното образование за учебната 2017/2018 година, со бр.12-7468/1 од 19.06.2018 година, СЕ УВАЖУВА.

2.Барањето на наставникот Миха Буклески со бр. 12-10003/1 од 24.08.2018 година, кој го подготвувал ученикот за натпреварот од средното образование, доставено по објавениот Јавен повик за доделување на парична награда за освоен златен, сребрен или бронзен медал на една од 13 меѓународни научни олимпијади, на ученикот и на наставникот кој го подготвувал ученикот за натпреварот од средното образование за учебната 2017/2018 година, со бр.12-7468/1 од 19.06.2018 година, СЕ ОДБИВА поради неисполнување на условите од Јавниот повик.

3. На ученикот [redacted] Министерството за образование и наука му доделува парична награда во износ од 8.000,00 денари месечно, за период од 12 месеци за освоен бронзен медал.

за учебната 2017/2018 година, со бр.20-10158/2 од 04.02.2019 година, утврди дека ученикот [redacted] ги исполнува бараните услови во Јавниот повик, додека наставникот Миха Буклевски, кој го подготвувал ученикот за натпреварот од средното образование не ги исполнува условите од Јавниот повик поради тоа што не е наставник од системот на средното образование.

Согласно наведеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Упатство за правно средство: Против ова решение, може да се поведе управен спор со поднесување на тужба до Управен суд во рок од 30 дена од денот на приемот.

МИНИСТЕР,
Dr. Arbër Ademi

Решенијата од МОН – на ученикот му се одобрува, а на менторот му се одбива паричната награда

Тој додава дека во согласност со Законот за високото образование, член161: „(1)Високообразовна дејност може да врши само лице избрано во наставно-научно, наставно-стручно, наставно или соработничко звање за времето за кое е избрано. (5)На факултетот наставно-научни звања се доцент, вонреден професор и редовен професор. (6)На факултетите во областа на филолошките науки и на другите високообразовни установи на кои се изведува настава по јазик, наставно-стручни звања се лектор и виш лектор".

- Оттука, погрешно се изедначува поимот наставник, како наставник во средно и наставник на факултет. Се работи за различни звања и за различен кадар кој е регулиран во различни закони.Законот е јасен, а тоа што во повикот стои вработен, според мене, се однесува на тоа наставникот да е од државата и дека тоа не важи за наставници од странство – вели адвокатот.



Проф. Стефова и доц. Буклески, ментори на една од олимпијадите / Фото: СХТМ

Во меѓувреме на Институтот за хемија веќе се прават подготовки за ICho 2020. Буклески и годинава ќе одржи дополнителни часови без никаков надомест и без менторската награда што му следува. Заедно со сите други ментори што се во слична позиција. На прашањето како на него влијае сиот процес на игноранција од највисоката институција за образование и наука во државата, тој вели:

- Ентузијазмот, желбата за успех, потребата да се покаже дека и ние имаме квалитетни ученици, стручен кадар и дека сме способни да постигнеме резултати се само дел од нештата што нè прават истрајни и ни влеваат надеж дека

This project is funded by the European Union

и кај нас образованието повторно ќе застане на цврста и здрава основа. Но, оној што треба да биде наш најсилен сојузник во оваа борба за освојување медали, знаење и нижење успеси се чини дека ни е најголем непријател. МОН со својата политика и игнорантски однос кон нас како да е олицетворение на неправдата и тивок убиец на нашиот ентузијазам. Наместо да ја насочиме нашата сила, умеење и желба за успех кон подготовка на учениците за меѓународни олимпијади, ние се „трошиме“ на барање правда и финансии за да можеме да го реализираме секое следно учество на олимпијада. Успехот не е резултат на залагањата на една индивидуа (натпреварувачот). Зад него стои цел стручен тим (професори), поддршка (семејство и пријатели), организации (сојузи и друштва на наставници), институции (факултети, институти, училишта), а наспроти сите нив стои МОН.

Оваа истражувачка сторија е изработена со финансиска поддршка од Европската Унија. Нејзината содржина е единствена одговорност на авторот и на ниту еден начин не ги одразува гледиштата на Европската Унија.

This project is funded
by the European Union